Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - Скопје

| Примено: | 17.08.2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4045 | 1 | |


# ПРЕДЛОЗИ И ЗАБЕЛЕШКИ НА НАЦРТ - МЕТОДОЛОГИЈА ЗА МОНИТОРИНГНА ИЗБОРНОТО МЕДИУМСКО ПРЕТСТАВУВАЊЕ ПРЕКУ РАДИО И ТЕЛЕВИЗИСКИТЕ ПРОГРАМСКИ СЕРВИСИ ЗА ПРЕДВРЕМЕНИТЕ ПАРЛАМЕНТАРНИ ИЗБОРИ КОИ ЌЕ СЕ ОДРЖАТ ВО 2016 ГОДИНА

1. Предлог за корекција на страна 9 од нацрт-методологијата трета реченица :

   “Примерокот за анализатана телевизиите на државно ниво ќе се состои од вкупната програма, со анализана по две изданија на дневно-информативните емисии емитувани меѓу 17:00 и 24:00 часот, во кои се очекува да бидат концентрирани најмногу информации за изборната кампања. “

   Зборот анализа се користи два пати во наведената реченица што може да предизвика нејаснотии и забуни.

   Предлагам пред вториот збор “анализа“ да се додаде зборот “подетална“ со што реченицата би гласела :

   “Примерокот за анализата на телевизиите на државно ниво ќе се состои од вкупната програма, со **подетална**анализана по две изданија на дневно-информативните емисии емитувани меѓу 17:00 и 24:00 часот, во кои се очекува да бидат концентрирани најмногу информации за изборната кампања. “

2. Забелешка за страна 9 од нацрт-методологијата трета реченица :

   При анализите на телевизиите на државно ниво за време на изборна кампања се предлага акцент да се стави на 2 изданија на вести во период од 17 до 24ч (вториот збор “анализа“ на страна 9 трета реленица во нацрт-предлогот) ,но што ако небалансираност медиумите реализираат во посебните информативни емисии ?

   Можно е медиумите да бидат балансирани во вестите и “намерно“ небалансирани во посебните инфрмативни емисии ?

   Да се размисли дали може ова да се избегне со додавање и на посебните инфрмативни емисии во групата на задолжително анализирани емисии ако е технички и кадровски изводливо ? Или да се најде друг начин за да не се случат наведените злоупотреби ?

3. Забелешка за страна 10 од нацрт-методологијата прва реченица :

   “Во периодот од 100 дена пред денот на гласањето до започнувањето на изборната кампања се врши анализа на дневно информативните-емисиисо цел да се утврди:“

   Дали дневно информативни емисии значи главни вести или дневник на телевизијата ? Ако одговорот е позитивен тогаш повторно важи забелешката број 2 ?

4. Забелешка за страна 10 од нацрт-методологијата четврта реченица :

   "Посебните информативни програми (интервјуа, дебати, ТВ/радио соочувања, актуелно-информативни програми, актуелно-информативни програми со документаристички пристап и тематски специјализирани информативни програми) се анализираат за да се види:

   Дали и таму се почитуваат правилата за правичност и непристрасност во новинарскиот пристап и баланс во застапеноста на политичките субјекти?"

   Оваа реченица не е доволно јасна во однос на периодот на нејзината примена и задолжителноста ? Дали е задолжителна анализата на посебните информативни програми за периодот од 100 дена пред избори до почетокот на изборната кампања ?

5. Предлог за страна 20 од нацрт-методологијата во однос на реченицата :

   "Практиката покажува дека сите поканети личности не се одѕиваат на поканите на телевизиите и радијата за учество во интервјуа, дебати, соочувања. Доколку радиодифузерот уредно ги поканил учесниците во емисиите, а тие самите не го искористиле правото на пристап, медиумот треба тоа јасно да го нагласи во текот на емитувањето на ваквите информативни програми. При мониторингот се води сметка за ова прашање така што, во овие случаи се очекува извесен дисбаланс за кој радиодифузерот не се смета за одговорен. Исклучок се случаите, кои исто така, се појавиле во практиката, кога ваквата ситуација се користи за да се реализираат и репризираат многубројни посебни информативни емисии само со претставници на една партија/опција на изборите, со што самите медиуми креираат дисбаланс."

   Предлагам по оваа реченица да се додаде следната :
   "Медиумот треба да достави докази до Агенцијата за аудио и аудиовизуечни медиумски услуги дека отсутните учесници се уредно и навремено поканети најкасно наредниот ден по првото емитување на ваквите информативни програми."

   Поканата испратена преку електронска пошта без докази дека е примена и прочитана од поканетиот учесник нема да се признава за уредна покана што значи медиумот мора да користи систем на елктронска пошта што овозможува таква техничка можност или да користи стандардно препорачано писмо или да побара потврда во архивата на поканетиот учесник.

16.08.2016

Лазо Петрушевски